УДК. 061.25:93/99 (947.17) (049.3)

# ОСВРТ ОД РАБОТАТА НА XIX-ТОТО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СР МАКЕДОНИЈА

Деветнаесеттото по ред Годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, посветено на 50-годишнината од доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ, и 75-годишнината од смртта на Петре Тошев, се одржа на 24 и 25 април 1987 година во просториите на хотелот „Липа" во Прилеп.

Во присуство на делегатите од друштвата на историчарите од Републикава и гостите: Димче Беловски — член на Советот на Федерацијата и почесен член на Сојузот, Гога Николовски — претседател на РК на ССРНМ, Љупка Хаџи Ристова — член на претседателството на РК на ССРНМ, Петар Јовановски — претседател на ОК на СКМ од Прилеп, и Дмитар Спирковски — претседател на Собранието на општината Прилеп, Сотир Георгиески — претседател на ИС на Собранието на општината Прилеп. Томислав Јовановски — претседател на ОК на ССРНМ од Прилеп, Благоја Јовановски — претседател на СЗБ од НОВ на општина Прилеп, како и народниот херој Борко Темелковски, Петар Пепељуговски, Димче Јовановски, Кирил Пунтески и Кирил Димитриоски.

Во 16,30 часот Собранието го отвори Претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, д-р Марија Јовановиќ. По изборот на работното претседателство во состав: д-р Александар Трајановски, Наум Димовски, Милан Стојкоски, д-р Марија Јовановиќ и Димитар Димулков.

Делегатите и гостите на Собранието најнапред беа поздравени од членот на Претседателството на РК на ССРНМ — д-р Љупка Хаџи Ристова, Претседателот на ОК на ССРНМ од Прилеп — Томислав Јовановски, Претседателот на друштвото за култура и уметност на градот домаќин — Петар Трајкоски, како и Претседателот на Друштвото на историчарите на општината Прилеп и Македонски Брод — Милан Стојкоски, кои на Собранието му посакаа успешна и плодна работа.

Во првиот, односно свечениот дел од работата на Собранието најнапред Претседателот на СДИ на СРМ — д-р Марија Јовановиќ, го прочита поздравното писмо на акад. Михаило Апостолски — почесен и доживотен Претседател на СДИ на СРМ, кој што од здравствени причини беше спречен да учествува во работата на Собранието. Потоа беа поднесени рефератите: „Меѓународен развој, неврзувањето и Југославија" од членот на Советот на Федерацијата и почесен член на СДИ на СРМ — Димче Беловски, и „Пере Тошев — револуционер и идеолог" (75 години од убиството на Петре Тошев) од Наум Димовски самостоен педагошки советник при Републичкиот завод за уна-

предување на образованието и воспитанието — Скопје.

По свечениот дел и предвидената пауза со програмата за работа на собранието, се пристапи кон извршувањето на вториот, односно работниот дел на Собранието, во којшто беше поднесен рефератот: „Некои актуелни прашања сврзани со идејноста и обработката на Титовата личност во наставата по историја" од д-р Војо Кушевски Дискусијата по поднесените реферати беше предложено да продолжи во наредниот ден од работата на Собранието.

На вториот ден од работата на Собранието најнапред беше формирана петчлена кандидациона комисија за избор на ново претседателство и другите тела на Сојузот, во состав: проф. д-р Бранко Панов, Душица Цинлеска, Спасена Ангелова, Милан Стојкоски и Димитар Димулков.

Потоа беа поднесени следните извештаи: Извешта за двегодишната работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, од д-р Марија Јовановиќ, претседател на СДИ на СРМ; Извештај за двегодишната работа на Редакцијата на сп. „Историја" — орган на СДИ на СРМ, од проф. д-р Бранко Панов — главен и одговорен уредник на списанието, како и двегодишниот финансиски Извештај од Пандора Матлиева, сметководител на Сојузот.

Во дискусијата по поднесените реферати и извештаи за активноста на Сојузот учествуваа: Никола Савев, д-р Владо Ивановски, д-р Бранко Панов, Наум Димовски, Спасена Ангелова, д-р Марија Јовановиќ и д-р Војо Кушевски.

Имајќи ги предвид досега усвоените заклучоци од претходно одржаните собранија на Сојузот, како и финансиските тешкотии и проблеми со кои што тој се соочуваше во изминатиов период, поголемиот дел од дискутантите се заложија за:

— намалување на обемот на сп. „Историја" до најмногу 20-22 авторски табаци,

— Редакцијата на сп. „Историја" објави, односно, посвети на акад. д-р Михаило Апостолски, вонреден јубилеен број на списанието,

— во иднина на рубриката наменета за наставата по историја во списанието ѝ се посвети поголемо внимание,

— зголемување и подобрување на програмата наменета за наставата по историја во срдното насочено образование со уште еден час во втората година,

— стручно изведување на наставата по историја во втората година од средното образование потребно е Сојузот и Филозофско-историскиот факултет од Скопје да ја продолжат практиката на систематски одржаните семинари за оспособување на наставниците и наставата по современата историја особено за периодот по ослободувањето на народите и народностите на Југославија, и исто така, да се преземат мерки за што поскорото воведување на овој предмет во програмата за работа на Филозофско-историскиот факултет од Скопје.

— подобрување на опременоста на училиштата во Републикава со нагледни наставни средства, што и понатаму е загрижувачка, а досега не е издадена ниту една училишна карта за историјата на НОВ во СР Македонија,

— да се испита и покрене иницијатива за формирање на друштва на историчари во општините Демир Хисар, Пехчево, Радовиш, Кратово, Валандово, Неготино, Дојран и Демир Капија, или нивната активност да се приклучи кон некои од соседните општински друштва,

— Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија да покрене иницијатива и да предложи во МАНУ да се формира одбор којшто посмртно ќе ги издаде сите досега објавени трудови и дела на проф. Љубен Лапе во еден зборник, и едно од училиштата во Републикава да го носи неговото име,

— во иднина финансискиот извештај за работа на СДИ на

СРМ да не го поднесува лицето задолжено со сметководните работи за Сојузот, и

— престојниот IX Конгрес на историчарите на Југославија што ќе се одржи во Приштина кон крајот на месец септември оваа година, покрај присуството на досега пријавените референти од Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, на Конгресот организирано да се настојува да присуствуваат што поголем број претставници на Републикава.

Во понатамошната работа на Собранието, на предлог на Кандидационата комисија, беше предложена и едногласно усвоена новата листа, односно изборот на новата управа на Сојузот за мандатниот период 1987—1989 година во следниот состав:

Во Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија:

— Акад. д-р Михаило Апостолски, почесен и доживотен претседател на СДИ на СРМ,

1. Д-р Вера Весковиќ — Вангели, претседател, Скопје
2. Милан Бошкоски, секретар, Скопје
3. Д-р Марија Јовановиќ, Скопје
4. Ќирко Трпковски, Тетово
5. Дидар Салиу, Скопје
6. Д-р Христо Меловски, Скопје
7. Наум Димовски, Скопје
8. М-р Светозар Наумовски, Струга
9. Нуфре Јовановски, Гостивар
10. Ангелина Маријановиќ, Скопје
11. Мирослав Бошковиќ, Скопје
12. Љубомир Трајковски, Титов Велес
13. Спасена Ангелова, Скопје
14. Душица Цинлеска, Скопје
15. Милан Стојкоски, Прилеп
16. Јордан Трпев, Битола

Во Редакцијата на сп. „Историја" — орган на СДИ на СРМ:

1. Д-р Михаило Миновски, главен и одговорен уредник
2. Д-р Димитар Димески
3. Владо Ивановски
4. Д-р Ристо Кирјазовски
5. Наум Димовски
6. секретар — кој ќе биде наименуван накнадно, односно по конституирањето на Редакцијата

Во Одборот за самоуправна општествена контрола беа предложени и избрани:

1. Душица Цинлеска, Скопје
2. Ќирко Трпковски, Тетово
3. Љубица Јовевска, Скопје

Во Судот на честа:

1. М-р Никола Чинго, Скопје
2. Д-р Александар Трајановски, Скопје
3. Милан Стојкоски, Прилеп

Во Делегацијата од СДИ на СРМ при СИЈ беа избрани:

1. Д-р Бранко Панов
2. Д-р Вера Весковиќ — Вангели
3. Д-р Александар Трајановски
4. Д-р Марија Јовановиќ
5. Ќирко Трпковски.

Во врска со изборот на новиот состав на Издавачкиот совет на сп. „Историја" Собранието донесе одлука тоа по предлог на новоизбраното претседателство на СДИ на СРМ да биде сторено до наредното собрание на Сојузот.

Д-р Марија Јовановиќ, претседател на СДИ на СРМ, на крајот од работата на Собранието, во името на присутните делегати и гости на Собранието одделно им се заблагодари на домаќинот, односно не членовите на Друштвото на историчарите на општината Прилеп и Македонски Брод за успешно организираното собрание на Сојузот.

Димитар ДИМУЛКОВ